РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: 02.09.2025 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 130/1 | | |

**До: Општина Битола**
**бул. „1-ви Мај“ бр. 61**
**Битола**
**(имател на информацијата)**

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: /

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Листа на сите расходи/договори за јавна набавка кои **општината како единица на локалната самоуправа** ги има направено, започнувајќи од 19.07.2025 година до денот на поднесувањето на Барањето.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Битола, 01.09.2025 година**

______________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Сектор за финасиски прашања

Бр.11-150/2
02.09.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-150/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примил:
02.09.2025г.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
бр. 20-02/102
18.09 2025 год.
БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**
Одделение за буџетска координација

РЕПУБЛИКА ... ОПШТИНА ...

| Примено: | 19. 09. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 150/3 | | |

До
Лице за посредување при остварување на слободен пристап
до информации од јавен карактер

Предмет: Барање на пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Врз основа Барањето за пристап до информации од јавен карактер со бр. 11-130/1 од 02.09.2025, Ве информираме дека сите договори за јавна набавка како и целокупните постапки кои Општина Битола ги има спроведено во периодот од 19.07.2025 година до 18.09.2025 година се транспарентно и јавно објавена на страната на ЕСЈН во согласност со Законот за јавни набавки

Битола,
18.09.2025г.

Раководител на одделение
за буџетска координација
Стефани Н. Димовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 327 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Бр.11-150/4
19.09.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **02.09.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted], по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-150/2025** од **02.09.2025 година**, во врска со информација за листа на сите расходи/договори за јавна набавка кои општината како единица на локалната самоуправа ги има направено, започнувајќи од 19.07.2025 година до денот на поднесувањето на барањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted], поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под **бр.11-150/2025** од **02.09.2025 година**. Во барањето наведе дека бара информација во врска со листа на сите расходи/договори за јавна набавка кои општината како единица на локалната самоуправа ги има направено, започнувајќи од 19.07.2025 година до денот на поднесувањето на барањето.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-150 од 02.09.2025.
2. Допис до Сектор за финансиски прашања бр.11-150/2 од 02.09.2025.
3. Одговор од Сектор за финансиски прашања бр.11-150/3 од 19.09.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 19.09.2025 година, под бр. 11-150/4.

**Службено лице за посредув ање при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Емилија Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА